**20151524369**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за оружјето,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2015 година.

Бр. 08-3945/1
26 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОРУЖЈЕТО

Член 1

Во Законот за оружјето („Службен весник на Република Македонија” број 7/2005, 47/2006, 42/2007, 86/2008, 72/10, 158/11, 119/13 и 164/13), во членот 43 став 1 зборовите : „ќе донесе решение за привремено одземање на“ се заменуваат со зборовите : „привремено ќе ги одземе“, а зборовите: „за што го известува судот“ се заменуваат со зборовите: „согласно закон“.

Член 2

Во членот 79 став 1 зборовите: „1.000 до“ се бришат.

Во ставот 2 зборот „привремена“ се брише, а зборовите: „една година до најмногу пет години“ се заменуваат со зборовите: „три месеци до три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката.“

Член 3

Во членот 82 став 1 зборовите: „2.000 до“ се бришат.

Во ставот 2 зборовите: „200 до 1.000 евра во денарска противвредност или глоба на самото место од 300 до 600 евра во денарска противредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

Во ставот 4 зборот „привремена“ се брише, а зборовите : „една година до најмногу пет години“ се заменуваат со зборовите: „три месеци до три години, сметајќи од денот на правосилноста на одлуката“.

Член 4

Во членот 83 став 1 зборовите: „1.000 до“ се бришат.

Во ставот 2 зборовите: „200 до 1.000 евра во денарска противвредност или глоба на самото место од 300 до 600 евра во денарска противредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

Член 5

Во членот 83-б став 1 зборовите: „2.000 до“ се бришат.

Во ставот 2 зборовите: “200 до 1.000 евра во денарска противвредност или глоба на самото место од 300 до 600 евра во денарска противредност“ се заменуваат со зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“.

Член 6

Членовите 83-в и 83-г се менуваат и гласат:

„Член 83-в

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 83-г

За прекршоците предвидени со овој закон, полициски службеник на Министерството за внатрешни работи е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог согласно Законот за прекршоците.

Полициските службеници се должни да водат евиденција за издадените прекршочни платни налози од ставот 2 на овој член и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 2 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 3 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Министерот за внатрешни работи ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.“

Член 7

Во членот 83-д зборовите „4000 до“ се бришат.

Член 8

По членот 83 се додава нов член 83-ѓ, кој гласи:

„Член 83-ѓ

Прекршочната постапка за прекршоците утврдени со овој закон ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд. “

Член 9

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.“

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.